# ЗГОЛЕМЕНА ВИСИНАТА НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ОСНОВИТЕ ЗА НЕПОВРАТНИ СРЕДСТВА ОД СИНДИКАЛНИОТ ФОНД НА СОНК

**УСВОЕН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА СИНДИКАЛНИОТ ФОНД НА СОНК**

**ЗГОЛЕМЕНА ВИСИНАТА НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ОСНОВИТЕ ЗА НЕПОВРАТНИ СРЕДСТВА ОД СИНДИКАЛНИОТ ФОНД НА СОНК**

Како и секоја година, согласно Статутот на СОНК, Надзорниот одбор на Синдикалниот фонд на СОНК, врз основа на документацијата изготвена од независно сметководствено биро, на ден 10-03-2020 година го разгледа Извештајот за финансиското работење на Синдикалниот фонд на СОНК за 2019 година. Од членовите на Надзорниот одбор беше констатирано дека сите навремено пристигнати документи, по сите основи, се реализирани и дека Синдикалниот фонд работи со позитивни финансиски резултати и на општо задоволство на членовите кои се корисници на Фондот.

Истиот ден, беа одржани и седници на Управниот одбор и Собранието на Синдикалниот фонд на СОНК, на кои беа отворени повеќе прашања во врска со начинот на работењето на Синдикалниот фонд и можностите за воведување на евентуални нови поволности, се со цел да се обезбедат поповолни услови и потреби на членовите во синдикалните организации, членки на Синдикалниот фонд, секако врз основа на финансиските можности на Фондот.

По опширната расправа од страна на членовите на Собранието на Синдикалниот фонд, кој патем да споменеме дека го сочинуваат по еден преставник од регионалните одбори на СОНК, секако од синдикалните организации кои се членки на Фондот, заеднички беше констатирано:

- Синдикалниот фонд на СОНК е од огромно значење и потреба за членовите на СОНК и сите синдикални организации, членки на Фондот се презадоволни од функционирањето и во пресрет на потребите на членовите.
- Согласно барањето на членовите на Фондот,ако минатата година за поголем процент се зголеми износот на синдикалниот кредит и тоа од 15.000 на 18.000 денари, кој единствено се враќа, за разлика од останатите основи кои се неповратни средства, оваа година треба да се обрне внимание и да се воведат новини по другите основи.
- Согласно финансиските можности, по предлог на Управниот одбор на Синдикалниот фонд, Собранието едногласно го усвои предлогот за зголемување на основицата за пресметување на неповратни средства или поточно од 6.000 денари на 8.000 денари, што е за повеќе од 30%. Овде мора да се напомене дека не влегуваат основите за остварување на неповратна помош кои, согласно Правилникот на Синдикалниот фонд, се исплатуваат процентуално од направените трошоци, односно болничко лекување и набавка на лекови и други медицински помагала.
- Како предлог, едногласно беше усвоен од членовите на Собранието на Синдикалниот фонд на СОНК и за воведување на нов основ за остварување на неповратна помош во случај на подолготрајно боледување. Имено, по овој основ, членките на Фондот имаа право на надомест за непрекинато боледување над 60 и 90 дена,кој основ се зголеми и за над 120 дена за непрекинато боледување.
- Исто така е зголемен износот на неповратната помош за студенти кои студираат во нашата држава на одалеченост над 35 км од местото на живеење и тоа од 3.000 на 4.000

денари.

- Како новина, која произлезе како потреба од евентуална злоупотреба, при аплицирање за користење на безкаматниот кредит, жирантите ќе треба да достават и фотокопија од личните карти.

На крајот од седницата, од страна на Собранието на Синдикалниот фонд, беше констатирано дека членството освен што ќе биде информирано за овие донесени измени и дополнувања на Правилникот за користење на средствата на Синдикалниот фонд на СОНК, Стручната служба на Советот на СОНК, во иднина да изготви Прирачници, преку кои, секој член би се информирал за правата и основите за користење на средствата од Синдикалниот фонд на СОНК.

---

# ОДРЖАН VII-от КОНГРЕС НА СОНК

ЈАКИМ НЕДЕЛКОВ – РЕИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОНК

Во текот на вчерашниот ден, 13.10.2021 година, во исклучително пријатна и работна атмосфера се одржа VII-от Конгрес на СОНК.

На Конгресот, согласно Одлуката за бројот и составот на делегати, од вкупно 119 беа присутни 115 делегати од сите дејности што ги застапува СОНК. Секако, на Конгресот присуствуваа делегации од социјалните партнери и соработници на СОНК, како и делегации од земјите од странство поточно синдикати од образование, со кои нашиот синдикат има долгогодишна синдикална соработка.

Согласно Дневниот ред, Делегатите на VII-от Конгрес едногласно ги усвоија следните документи:

-Извештај за работата на СОНК во мандатен период од

декември 2015 до октомври 2021 година;

-Програма за работа на СОНК за мандатен период октомври 2021 – октомври 2026 година;

-Статут на СОНК;

-Резолуција за усогласување на платите на вработените во детските градинки, основното и средното образование со Законот за минимална плата; -Резолуција за заштита на претседателите на синдикалните организации на СОНК; -Резолуција за исплата на целосна плата на заболени и во изолација од пандемија; -Резолуција за почитување на Законот за работни односи во делот на примена на гранските (посебните) колективни договори.



По усвојување на документите, Делегатите на VII-от Конгрес го реизбраа Јаким Неделков за претседател на СОНК и му дадоа доверба да го води СОНК во наредните 5 години.

# ЗДРАВА И БЕЗБЕДНА РАБОТНА СРЕДИНА – ПРЕДУСЛОВ ЗА КВАЛИТЕТНА И ПРОДУКТИВНА РАБОТА

**СОНК и МЗЗПР ги презентираа резултатите од истражувањето за безбедноста на работните места во градинките, образованието, науката и културата**

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК во соработка со Македонското здружение за заштита при работа – МЗЗПР го реализираат проектот “Безбедност и здравје при работа во дејностите на образование и наука”.



Со активностите од овој проект ќе се утврди општата состојба, недостатоците и моменталните слабости во врска со примената на безбедност и здравје при работа (БЗР) на национално ниво, во сите дејности што ги покрива СОНК.

По добиените крајни резултати од извршените активности ќе се преземат мерки за ефективно спроведување на БЗР процедурите во пракса.

Целта на овој проект е да се создаде една општа култура и познавање од областа на БЗР преку креирање на функционален систем за целокупниот кадар вработен во дејностите од детска заштита, образование, наука и култура.

Придобивка од реализацијата на овој проект ќе имаат сите засегнати страни, особено вработените во установите од детската заштита, образованието, науката и културата, како и синдикатите, работодавачите и надлежните министерства.




Во рамките на овој проект, се одржа јавна дебата на 23.12.2022 година, на која учесници беа дел од нашите членови, а се презентираа резултатите од истражувањето кое беше спроведено во период од 7 до 13 ноември 2022 година. Истражувањето беше по пат на анонимен, двојазичен прашалник, испратен до членовите на СОНК од сите 20 региони. На дебатата се анализираа одговорите на преку 1200 испитаници и се дискутираше за проблемите и потешкотиите со кои се соочуваат вработените во установите од дејностите што ги покрива СОНК. Јавната дебата беше оценета како конструктивна и со својата тема проникна до сите присутни, од каде произлегоа идеи, сугестии, предлози и препораки до сите релевантни чинители, како да се надминат одредени ситуации, а се со цел подобрување на функционалноста на имплементацијата на БЗР во образовниот и научниот сектор.




# Среќна учебна година




---

# РАБОТНА СРЕДБА НА СОНК И МОН ВО ВРСКА СО ПОЧЕТОКОТ НА НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА

Денес, во просториите на СОНК, под строги мерки на претпазливост и заштита од вирусот Ковид-19, се одржа online работна средба помеѓу членовите на Советот на СОНК и високи претставници од Министерството за образование и наука односно раководители на сектор за основно и средно образование и претставник од кабинетот на министерот. На работната средба се анализираа стратешките документи кои се од важно значење за безбедно и квалитетно отпочнување на воспитно-образовниот процес, односно отпочнување на новата учебна година во услови

на пандемија од Ковид-19. Претставниците на МОН детално ги презентираа документите: План за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година, Протокол за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година и Алгоритам за постапување во училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнителен/позитивен на Ковид-19. Од страна на СОНК беа поставени бројни прашања кои се од сферата на здравјето и безбедноста на работното место, почитување на законските одредби во однос на бројот на часови по наставник при поделба на една паралелка во две групи, изведување на online настава, техничка подготвеност на училиштата за изведување на online настава и т.н.

Советот на СОНК доби уверување од претставниците на МОН дека образовниот процес ќе се одвива во рамките на актуелните закони и веќе утврдените претходно споменати акти. Важно е да се спомене дека МОН има отворена врата за соработка со СОНК и дека за сите конструктивни предлози од СОНК, коишто ќе бидат доставени до МОН, ќе се посвети големо внимание и ќе се земат истите во предвид. Од таа причина, апелираме до сите членови на СОНК и воопшто до сите вработени во основно и средно образование, своите прашања и предлози да ги достават до претседателот на својата Синдикална организација или до Регионалниот одбор на СОНК, на која што припаѓа. Секако, предлози и прашања можете да поставите и директно на фб страната на СОНК, на ѕид или во порака.

# Регионалниот одбор на СОНК – Чаир со барање за поскоро потпишување на колективните договори за основно и средно образование

На ден 10.02.2022 година е одржана работна средба на Регионалниот одбор на СОНК – Чаир. На средбата  се дискутираше за актуелни прашања што се од заеднички интерес за дејностите коишто ги застапува СОНК.

Во пријатна и работна атмосфера беше разговарано за основната бруто плата на работникот за полно работно време. Се јави потреба  истата да се утврдува на начин што износот на минималната бруто плата во Република Северна Македонија, објавена согласно закон, да се множи со коефициентот на сложеност на групата во основното и средното образование.

Исто така, Регионалниот одбор на СОНК – Чаир бара реален надоместок на трошоци за превоз до и од работно место, исплата на регрес за годишен одмор, како и решавање на проблемот на стручна служба во однос на пресметка на плата.

На крајот од седницата, Регионалниот одбор на СОНК – Чаир, донесе заклучок за идните чекори кои треба да се преземат, а пред сѐ, интензивирање на преговорите со социјалните партнери, односно што поскоро потпишување на колективните договори за основно и средно образование.

# ОТЧЕТНО И ТРАНСПАРЕНТНО

НОВИ ПРИВИЛЕГИИ ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СИНДИКАЛНИОТ ФОНД НА СОНК

Надзорните одбори на Советот на СОНК и Синдикалниот фонд на СОНК извршија надзор врз финансиското работење на Советот и Фондот на СОНК, а врз основа на документацијата изготвена од независно сметководствено биро.



Надзорниот одбор на Советот на СОНК констатира дека приходите на сметката на Советот се стабилни и во постојан пораст, додека пак расходите се во опаѓање.

Од членовите на Надзорниот одбор на Синдикалниот фонд на СОНК беше констатирано дека и Синдикалниот фонд на СОНК работи со позитивни финансиски резултати, а сите пристигнати барања со уредна и комплетна документација се навремено реализирани, по сите основи.



Исто така, беше одржана и седница на Собранието на Синдикалниот фонд на СОНК, на која беа избрани членови на

Управниот одбор, и тоа:

1. Чедомир Спасовски – Регионалниот одбор на СОНК – Куманово
2. Ибраим Исмаилоски – Регионалниот одбор на СОНК – Струга
3. Јулија Златкова – Регионалниот одбор на СОНК – Кочани
4. Стојче Димитров – Регионалниот одбор на СОНК – Кавадарци
5. Јаким Неделков, Претседател на СОНК, по функција.

Беше усвоен Извештајот за финансиското работење на Синдикалниот фонд на СОНК за 2022 година. На седницата беа разгледани приговорите доставени до Управниот одбор, при што беа прифатени сите оние со оправдана причина за истото. Исто така, на седницата беа анализирани и дискутирани финансиските можности на Фондот за одредени новитети, се со цел да се излезе во пресрет на потребите на членовите за користење на поголеми права од Синдикалниот фонд на СОНК.



Собранието на Синдикалниот фонд, кој го сочинуваат по еден претставник од регионалните одбори на СОНК, ги разгледа сите предлози и мислења и ги усвои следниве новитети:

- На предлог на Собранието, Управниот одбор на Синдикалниот фонд на СОНК донесе одлука да се зголеми висината на Синдикалниот кредит, кој претставува единствен основ каде средствата се повратни, од 20,000 на 22,000 денари.
- Од членовите на Собранието на Синдикалниот фонд на СОНК едногласно беше усвоен предлогот за воведување на новина

по други основи односно право на парична помош по основ на новороденче. Со воведување на овој предлог, корисникот на Фондот има право на парична помош во износ од 4,000 денари.

- Членовите на Собранието на Синдикалниот фонд едногласно прифатија да се прошири правото на парична помош за лекување, набавка на лекови и медицински помагала (член 9 од Правилникот на Синдикалниот фонд на СОНК) и тоа во делот за:
  - лекување во приватни болници на територија на Р.С.Македонија за оние интервенции за кои болницата нема склучено договор со Фондот за здравствено осигурување. Синдикалниот фонд ги признава лекувањата само за малигните заболувања и
  - лекување во странство на свој трошок. Синдикалниот фонд ги признава оние интервенции кога за тоа барателот ќе достави медицинска потврда од доктор, специјалист од здравствена установа од Р.С.Македонија дека тој вид на лекување не се изведува во нашата земја.

За последните два случаи, ќе се применуваат член 9, став (1) и став (2) од Правилникот на Синдикалниот фонд на СОНК.

На крајот од седницата, од страна на Собранието беше констатирано дека Синдикалниот фонд на СОНК е од огромно значење за неговите членови, а истотака го изрази и своето задоволство од непречената комуникација со Стручната служба на СОНК.

---

# ОДДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА СО

# МИНИСТЕРОТ ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛАНА ПОЛИТИКА

## ДОНЕСЕН Е ЗАКЛУЧОК НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК ОД ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Највисокото раководство на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, претседателот Јаким Неделков и генералниот секретар Весна Неделковска на 23-08-2017 година во Министерството за труд и социјална политика – МТСП, оствариjа работна средба со министерот за труд и социјалана политика г-ѓа Мила Царовска.

Од страна на раководството на СОНК беа отворени повеќе актуелни прашања и проблеми во дејноста детска заштита  и тоа : условите за работа со зголемениот број на деца во градинките; транформација на работни места за вработените кои во меѓувреме се стекнале со повисок степен на образование; недостиг на постоечки кадар за нормално функционирање на градинките; имплементација на коефициентите по работно место на веќе потпишаниот Колективен договор и секако за мерката на Владата на Р.М. за воведување на двосменско работење во оваа дејност.

Министерот за труд и социјална политика, г-ѓа Мила Царовска рече дека Министерството во соработка со локалните самоуправи во Република Македонија, работи во насока на подобрување на генералната состојба на опфатот на деца во градинки, како и на подобрување на состојбата со вработениот кадар, дека ќе продолжи усогласувањето на коефициентите на плати за вработените во детските градинки,  по заедничката извршена анализа со СОНК, за бројот на вработени на кои треба да им се изврши трансформација на работното место, ќе се бара законско решение за надминување на овој проблем и дека мерката  на Владата за воведување на двосненско работење во градинките е

заради тоа што институциите ќе отпочнат со двосменско работно време со што се наметнува и потребата да се обезбедат услови за родителите кои што ќе работат во две смени да има кој да ги згрижува нивните деца.




Истиот ден, раководството на СОНК оддржа работна средба и со сите претседателите на синдикалните организации на СОНК од детските градинки, на која што присуствуваа и овластени преставници од Министерот, Мирјанка Алексовска и Верица Арсовска.

На работната средба, од страна на преставниците на синдикалните организации на СОНК, беа отворени сите прашања и проблеми со кои се соочуваат вработените во оваа дејност.

Заеднички Заклучок од страна на сите присутни, по однос на донесената мерка на Владата на Република Македонија, која треба да се спроведе преку Министерството за труд и социјална политика (МТСП) и од 1 септември градинките да работат во две смени е избрзана одлука, без сооветни подлабоки анализи како тоа да се изведе, од причини што временскиот рок за реализација е многу краток, анкетирани се многу мал број на родители ( во период на годишни одмори), немање соодветни просторни услови и капацитети, немање доволен кадар за и досегашниот број на деца во групите и др. реални проблеми, со кои би се соочиле сите засегнати страни.

# ОДРЖАН VI – от КОНГРЕС НА СОНК

## УСВОЕНА Е ПРОГРАМАТА ЗА НАРЕДНИТЕ ПЕТ ГОДИНИ И ЧЕТИРИ РЕЗОЛУЦИИ – ЈАКИМ НЕДЕЛКОВ РЕИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОНК

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.Македонија-СОНК, на 12-12-2015 година во Струга го одржа 6-от Конгрес, на кој од вкупно 120 избрани, присуствува 115 делегати, а како гости присуствуваа Министерот за образование и наука, Абдилаќим Адеми; заменик министерот за образование и наука, Спиро Ристовски; заменик министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов и заменик министерот за култура, Драган Недељковиќ. На Конгресот како гости присуствуваа и в.д. претседателот на Конфедерацијата на слободни синдикати, Благоја Ралповски и претседателот на Сојузот на синдикати на Македонија, Живко Митревски, како и единаесет делегации на синдикатите за образование, со кои СОНК долги години одржува блиски пријателски односи и кои се сите репрезентативни во своите земји и членки на Интернационалата за образование и тоа од: Словенија, Холандија, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Црна Гора, Косово иТурција.
Конгресот беше отворен со интонирање на државната химна и химната на нашиот Синдикат – ,, Секогаш СОНК” , што всушност беше промоција на истата и која е прва и единствена химна на синдикатите во Р. Македонија. Химната беше громогласно прифатена од делегатите на конгресот, а со многу високи оценки за ,, Секогаш СОНК,” дадоа и гостите од странските делегации, чиј заеднички коментар може да се сведе со изјавите – прекрасно, ќе се обидеме и ние нешто слично да направиме и за нашиот синдикат.

На Конгресот беа усвоени Извештајот за активностите на СОНК за претходните пет години, Програмата за работа на СОНК за наредниот петгодишен мандат, како и Резолуции за : Резолуција за подигнување на степенот на социјалниот дијалог на сите нивоа ; Резолуција за довршување на колективното договарање за сите дејности (високото образование и науката и нов Колективен договор за култура); Резолуција за измени во Законот за основно и Законот за средно образование во делот за бројот на ученици во паралелки; Резолуција за измени на Законот за работни односи во делот на важноста на колективните  договори.




Претседателот Неделков, како конгресен документ поднесе и поопширен Реферат пред делегатите, во кој посебно се задржа на согледаните слабости во работењето на СОНК во претходниот период, како и на позначајните прашања како предизвик за наредниот период. Неделков посебен акцент стави на социјалниот дијалог и тоа на сите нивоа, поаѓајќи од установите, единиците на локалната самоуправа, па се до ниво  на државни ресори. Во контекст на тоа изрази задоволство од резултатите од социјалниот дијалог, особено помеѓу СОНК и МОН, наведувајќи конкретни примери како што се прашања сврзани со екстерното оценување, педагошката евиденција, прашањето со казните од

страна на Државната просветна инспекција, кои  во дијалог со МОН се решени со взаемно прифатливи решенија, а се од исклучителен интерес на вработените. Тој истакна дека социјалниот дијалог е незаменлив и СОНК и натаму ќе му придава исклучително заначење на ова прашање, со постојан придонес за подигање на повисок степен ( отвори аудио-визуелна снимка).

Во поздравното обраќање на Министерот за образование, Абдилаќим Адеми рече дека МОН и СОНК и досега постигнале многу во насока на подобрување на социјалниот дијалог меѓу двете страни и истиот ќе продолжи во насока на донесување на нови и подобри решенија во интерес на вработените во овие дејности.



Мошне позитивни оценки за социјалниот дијалог и партнерство помеѓу СОНК и МТСП, даде заменик министерот Диме Спасов, посочувајќи го гранскиот колективен договор за градинките и заедничките заложби на СОНК и МТСП за реализирање во делот на платите, како и во врска со лиценцирањето на негователките и воспитувачите во градинките.

Позитивни оценки за социјалниот дијалог со СОНК искажа и заменик  министерот Драган Недељковиќ, кој истакана дека новиот Колективен договор за култура е пред потпишување помеѓу

СОНК и Министерството, а е резултат на подолги и мошне сериозни преговори од двата партнери.

Исклучителни пофалби за СОНК искажаа и високите преставници на делегациите од пријателските синдикати од споменатите земји со заедничка оценка дека СОНК има исклучително висок авторитет на регионално и на европско ниво и преставува модел на синдикат од кој голем дел од нив земаат многу искуства од работењето на СОНК.

На крајот од работата делегатите на 6-от Конгрес, со само еден глас против, Јаким Неделков го реизбраа за претседател на СОНК за наредниот петгодишен мандатен период.

---

# НИ ПРИТИСОЦИТЕ, НИ ЗАКАНИТЕ НЕМА ДА НЕ СПРЕЧАТ ГЛАСНО ДА ГО КАЖЕМЕ НАШЕТО НЕЗАДОВОЛСТВО ПРЕКУ ЈАВЕН ПРОТЕСТ

**СОВЕТОТ НА СОНК ЈА ОДРЖА СВОЈАТА 16-ТА РЕДОВНА СЕДНИЦА**

**НИ ПРИТИСОЦИТЕ, НИ ЗАКАНИТЕ НЕМА ДА НЕ СПРЕЧАТ ГЛАСНО ДА ГО КАЖЕМЕ НАШЕТО НЕЗАДОВОЛСТВО ПРЕКУ ЈАВЕН ПРОТЕСТ**

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, на 16-ти март оваа година, ја одржа својата 16-та редовна седница, на која што се разгледуваа актуелните состојби во дејностите: заштита на деца, основно, средно, високо образование, наука и култура.

По исцрпните дискусии и анализи, од голем број на членови на Советот, општа констатација беше дека во ниту една од дејностите нема позитивни поместувања во однос на социјално-економскиот статус на вработените, особено во градинките и културата каде што имаше и јавни ветувања од страна на ресорните министри за зголемување на платите. Особено загрижувачки е фактот што СОНК како репрезентативен синдикат не е вклучен од страна на министерствата во изработка на актуалните закони за дејностите: заштита на деца, основно и средно образование, како и претходно за законот за култура. Отпочнати се разговори за изготвување на колективен договор за високо образование и наука и за измени и дополнувања на колективниот договор за заштита на деца, но на повидок нема конечен текст со што би се затвориле овие прашања. Советот на СОНК изрази незадоволство од квалитетот на социјалниот дијалог и партнерство на национално ниво, како и во дел на локално ниво и побара од органите на централната и локалните власти да превземат чекори за воспоставување на коректен социјален дијалог во согласност со актуелните закони и меѓународни конвенции.



Дел од членовите на Советот изразија загриженост од притисоците од некои локални моќници или директори, кои во изминатиот период при организирање на јавни протести во

Прилеп, Штип и Кичево, се обидоа да го спречат организирањето и спроведувањето на протестите. Уште поголем е интензитетот на притисоци при организирање на планираниот протест во Куманово, кон крајот на овој месец.

Советот на СОНК ќе ги превземе сите легитимни средства за да се заштити од ваквиот однос кон СОНК и обидот за спречување на одржување на протест во Куманово, вклучително и поведување на кривична постапка согласно кривичниот законик за сите оние кои ќе се обидат да го спречат или смеќаваат организирањето и спроведувањето на протестот. Исто така, СОНК ќе ги информира и меѓународните организации од областа на трудовото право како што се: ILO, ETUCE и други, како и амбасадите на европските држави во Македонија, кои што се членки на Европската унија.

На крајот, Советот на СОНК остана на ставот дека никакви притисоци и закани кон раководството и членството нема да не поколебат да продолжиме со планираните активности во периодот што следува, се до остварување на својата конечна цел, а тоа е: сигурни работни места, повисоки плати, учество во изготвување на закони и други акти со што ќе се зголемат правата на нашите членови, како и почитување на колективните договори во целост.